Врз основа на член 383, став (1), точка 2) и член 483 став (1) од Законот за трговските друштва (Службен весник бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18,195/18 , 239/18, 290/20, 215/21 и 99/22) Министерството за транспорт и врски, во својство на Собрание на акционери на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје (скратено АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје), на Годишното Собрание на акционери одржано на ден 28.12.2022 година, ја донесе следната

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
Бр./Nr. 02-6955/1
28.12. 2022 год./viti
Скопје - Shkup

# О Д Л У К А

## ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА ПО ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2021 ГОДИНА НА ОПЕРАТОРОТ НА ЕЛЕКТРОПРЕНОСНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И УПРАВУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИОТ СИСТЕМ, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа Одлука се распределуваат средствата остварени како добивка на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје за 2021 година, и тоа:

| | |
|---|---|
| - Добивка пред оданочување | 176.216.276,00 денари |
| - Данок од добивка | 118.198.875,00 денари |
| - Добивка по оданочување | 58.017.401,00 денари |

Да се распредели на следниов начин:

| | |
|---|---|
| - Задолжителна општа резерва 5% од нето добивката | 2.900.870,00 денари |
| - Нераспоредена добивка наменета за Инвестиции | 55..116.531,00 денари |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

МИНИСТЕР ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
Благој Бочварски